Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 20-тата седница одржана на 04.07.2025 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот со број 12-5591/1 од 11.12.2023 година, оформен по пријава со наводи против градежна и комунална инспекција при Општина /// поради нивно непостапување и непреземање на соодветни дејствија, СЕ ЗАПИРА.

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување по однос на пријавените дејствија од причина што за предметниот случај постапиле други надлежни органи и во е тек е постапка пред Основно јавно обвинителство ///.

Предметот со број 12-5591/1 од 11.12.2023 година, да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, до ДКСК е поднесена пријава со наводи против градежна и комунална инспекција при Општина /// поради нивно непостапување и непреземање на соодветни дејствија, по која е оформен предмет број 12-5591/1 од 11.12.2023 година. Во конкретниот случај станува збор за наводи за непостапување и непреземање на соодветни дејствија на градежна и комунална инспекција при Општина /// по барања на правното лице /// поднесени против пријавено правно лице ///.

При разгледување на пријавата и документацијата доставена во прилог ДКСК дојде до следните сознанија:

-Предметните наводи се однесуваат на преземени градежни активности од страна на пријавеното правно лице на градежно земјиште кое било приватизирано со решение

од 02.12.2019 година во заедничка сопственост на двете погоренаведени правни лица како етажни сопственици на еден посебен дел на колективна зграда, а на кое се градело доградба на деловен објект и се вршело адаптација на објект без да има одобрение за градење и без добиено решение за адаптација.
-Во предметниот случај постапил овластен градежен инспектор при Општината кој извршил два инспекциски надзора во текот на 2023 година при кои биле утврдени неправилности и биле издадени решенија од 06.09.2023 година за отстранување на доградбата на деловниот објект и извршената адаптација.
- На 20.09.2023 година со Решение на Основен суд /// со број ///, на пријавеното лице /// му се забранува да презема градежни дејствија на недвижниот имот.
-На 01.12.2023 година овластен градежен инспектор при Општина /// донел Налог за извршување со кое станало извршно Решението за отстранување на доградбата донесено на 06.09.2023 година.

Во насока на утврдување на фактичката состојба по предметот, ДКСК побара податоци и информации од Секторот за инспекциски надзор при Општина ///, а исто така од Државен управен инспекторат и Инспекциски совет побара нивно надлежно постапување за случајот.

По барањата на ДКСК доставени се бараните информации со прилог документација и по разгледување на истите утврдена е следната фактичка состојба:
-На 30.11.2023 година донесен е налог за отстранување на извршената адаптација, а на 01.12.2023 година издаден е налог за негово извршување. Од страна на овластен градежен инспектор била побарана асистенција од МВР УВР /// за закажан ден за извршување 15.12.2023 година. Фирмата со која општината имала склучено договор за административно извршување на управни акти одбила да го изврши налогот поради тоа што за бараното немало предвидена позиција во техничката спецификација како составен дел на склучениот договор.
Постапувањето по налогот за отстранување на извршената адаптација од 30.11.2023 година ќе се извршело откако Општината ќе склучела договор со фирма каде ќе се предвидат соодветни позиции за извршување на бараните работи.
Против овластениот градежен инспектор при Општина /// и раководите лица на секторот за инспекциски надзор, била поднесена и кривична пријава /// од страна на подносителот на пријавата, која според известувањето на Општина /// била отфрлена од страна на јавен обвинител.

- Инспекциски совет го разгледал барањето на ДКСК и побарал надлежно постапување за предметниот случај од Државен инспекторат за градежништво и урбанизам и од Државен управен инспекторат.

- Државниот управен инспекторат, по барање на ДКСК на 17.04.2025 година, извршил вонреден инспекциски надзор во Општината, при кој утврдил неправилности по однос на тоа дека за предметниот случај не е извршено горенаведеното Решение од 06.02.2023 година донесено од овластен градежен инспектор, како и дека за предметот се води кривична постапка пред ОЈО /// на кое од страна на овластениот граежен инспектор на 18.01.2024 година му биле доставени сите списи од предметот. Од таа причина, за управниот инспектор не постоеле услови за изрекување на инспекцика мерка во моментот на извршениот надзор.

Со оглед на сето погоре наведено, ДКСК утврди дека за пријавените дејствија е постапено од страна на други надлежни органи и дека за предметниот случај во тек е постапка пред Основно јавно обвинителство ///, по што оцени нема елементи за натамошно постапување за предметниот случај и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Заменик - претседател

м-р Билјана Каракашова Шулев

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut

Изготвил: Ј.Ц,раководител на одделение
Согласен: м-р. И.П., раководител на Сектор
Одобрил З.Б., член на ДКСК

Доставено до:
- Подносителот на пријавата

